ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Северна Македонија
Општина Велес
Број: 26-2968/3
29.05.2025 година
Велес

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19) а во врска со член 88 од Законот за општа управна постапка(Сл.весник на РМ бр.124/15), имателот на информации Општина Велес, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-2968/1 од 26.05.2025 година, поднесено о[redacted], го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.26-2968/1 од 26.05.2025 година, поднесено од[redacted] со кое се бара информација од јавен карактер:

1.Информација и електронски запис (мапа) за последно важечките Службени гласници каде се предвидени зоните на Општина Велес за процена на недвижен имот;

2.Просечна цена од м2 на продадени недвижности во 2024 година по типови на недвижност и тоа: индивидуални станбени згради-куќи, колективни станбени згради, административни згради, индустриски објекти, хотели и објекти за одмор и рекреација, големи трговски единици;

3.Просечни цени од м2 на продадени неизградени продажни земјишта и дворни места за 2024 година;

4.Просечни цени од м2 на продадено земјоделско земјиште за 2024 година, по групи на населени места, по катастарски култури и категории на земјиште на подрачјето на Општина Велес и информациите кои се донесени со Одлука на Општина Велес за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште или просечниот надоместок за метар квадратратен експропирано земјоделско земјиште на подраќјето на општината согласно со прописите за експропријација.

и истата да се достави на барателот по е-маил, **СЕ УСВОЈУВА.**

Општина Велес / Municipality of Veles
Street: „Panko Brashnar" No. 1
1400 Veles, North Macedonia
Tel/fax: ++389 43 232 966
e-mail: opve@veles.gov.mk
www.veles.gov.mk

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

## Образложение

Службените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Велес, постапувајќи во законски определениот рок по горенаведеното барање согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр.101/19), констатираа дека бараната информација е информација од јавен карактер и истата му ја доставува на барателот:

Во прилог на ова Решение Ви го доставуваме одговорот од надлежните служби при Општина Велес, Предлог одлука за утврдување на пазарна вредност на градежно земјиште за 2024 година, Предлог одлука за определување на критериуми за пазарна вредност на земјоделско земјиште за 2024 година и Предлог одлука за определување на зони и подзони по методологија – територија на Општина Велес.

Согласно горенаведеното, имателот Општина Велес одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на Решението.

За Општина Велес
Службени лица за посредување со информации од јавен карактер

Марија Цилакова
Даниела Саздова
Фросина Маџарова

Доставено до:
-барателот;
-списи и архива.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar“ No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*